Врз основа на член 47 став 1 точка 6 и член 71 став 2 од Законот за Народната банка на Република Македонија ("Службен весник на Република Македонија" бр. 158/10, 123/12, 43/14, 153/15, 6/16 и 83/18), Советот на Народната банка на Република Македонија донесе

# О Д Л У К А
# за единствената тарифа на надоместоците за услугите што ги врши Народната банка на Република Македонија

**(неофицијален пречистен текст)**[1]

1. Народната банка на Република Македонија (во понатамошниот текст: Народната банка) наплатува надоместок за услугите што ги врши во своето работење според тарифата од оваа одлука (во понатамошниот текст: тарифа).

2. Народната банка го наплатува надоместокот за услуги од точка 1 на оваа одлука по одделни видови на услуга според оваа тарифа:

## I. ПЛАТЕЖНИ УСЛУГИ

### I–А ПЛАТЕЖНИ УСЛУГИ ВО ПЛАТНИОТ СИСТЕМ МИПС

| Тарифен број | Вид услуга | Висина на надоместокот |
|---|---|---|
| | **1. Еднократни трошоци за приклучување и тестирање** | |
| 1.1 | Еднократни трошоци за приклучување и тестирање според начинот број 1 | 50.000 денари |
| 1.2 | Еднократни трошоци за приклучување и тестирање според начинот број 2 | 50.000 денари |
| | **2. Еднократни трошоци за индиректно учество** | |
| 2.1 | Еднократни трошоци за индиректно учество според начинот на пренесување број 1 | 10.000 денари |
| 2.2 | Еднократни трошоци за индиректно учество според начинот на пренесување број 2 | 10.000 денари |

[1] Ова претставува неофицијален пречистен текст на Одлуката за единствената тарифа на надоместоците за услугите што ги врши Народната банка на Република Македонија. Неофицијалниот пречистен текст на Одлуката за единствената тарифа на надоместоците за услугите што ги врши Народната банка на Република Македонија се состој од: Одлуката за единствената тарифа на надоместоците за услугите што ги врши Народната банка на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија" бр.218/16), Одлука за изменување на Одлуката за единствената тарифа на надоместоците за услугите што ги врши Народната банка на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија" бр.58/18) и Одлуката за изменување и дополнување на Одлуката за единствената тарифа на надоместоците за услугите што ги врши Народната банка на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија" бр. 198/18).

| | | |
|---|---|---|
| | **3. Промена на начинот на пренесување на пораките во МИПС** | |
| 3.1 | Промена на начинот на пренесување број 1 | 2.000 денари |
| 3.2 | Промена на начинот на пренесување број 2 | 2.000 денари |
| | **4. Месечно членство** | |
| 4.1 | Месечно членство за носителот на платниот промет според начинот на пренесување број 1 | 72.000 денари |
| | Месечно членство за носителот на платниот промет според начинот на пренесување број 2 | 36.000 денари |
| 4.2 | Месечно членство за клириншка куќа | Без надоместок |
| 4.3 | Месечно членство за останатите директни учесници кои вршат плаќања според начинот на пренесување број 1 | 24.000 денари |
| | Месечно членство за останатите директни учесници кои вршат плаќања според начинот на пренесување број 2 | 12.000 денари |
| 4.4 | Месечно членство за останатите директни учесници кои не вршат плаќања | 3.000 денари |

**5. Единици за пресметка за плаќањата во денари**

Односот налози за плаќање/единици за пресметка е следниов:
- за периодот до 14:00 часот, еден налог за плаќање е една единица за пресметка;
- за периодот од 14:00 часот до 15:00 часот, еден налог за плаќање е две единици за пресметка;
- за периодот од 15:00 часот до 16:00 часот, еден налог за плаќање е пет единици за пресметка;
- за периодот по 16:00 часот, еден налог за плаќање е десет единици за пресметка.

Како време на прием на налогот за плаќање се смета:
- за начинот број 1, кога СВИФТ го доставил налогот за плаќање во МИПС;
- за начинот број 2, кога МИПС го потврдил приемот на налогот за плаќање со потврда.

Во случај плаќањето да застане во редот на чекање, тогаш се зема времето кога е извршено

порамнувањето на плаќањето.
Како единствено валидно време се смета времето на МИПС. Сите други времиња на локалните компјутери на учесниците не се релевантни за пресметка.
Периодите на прием ги вклучуваат и завршните времиња.

Ако носителот на платниот промет има помал број единици за плаќање од минималниот пропишан број единици за плаќање, тогаш му се наплатува минималниот пропишан број единици за плаќање.
Се пропишува минималниот број единици за плаќање да биде еднаков на бројот на сметките на правни лица пријавени во ЕРТС од страна на носителот на платниот промет на крајот на последниот ден во месецот за кој се врши наплата.

| | | |
|---|---|---|
| 5.1 | За првите 1.000 единици за пресметка во месецот според начинот на пренесување број 1 | 12 денари за единица за пресметка |
| 5.2 | За првите 1.000 единици за пресметка во месецот според начинот на пренесување број 2 | 6 денари за единица за пресметка |
| 5.3 | За следните 5.000 единици за пресметка во месецот според начинот на пренесување број 1 | 9 денари за единица за пресметка |
| 5.4 | За следните 5.000 единици за пресметка во месецот според начинот на пренесување број 2 | 5 денари за единица за пресметка |
| 5.5 | За следните неограничен број единици за пресметка според начинот на пренесување број 1 | 7 денари за единица за пресметка |
| 5.6 | За следните неограничен број единици за пресметка според начинот на пренесување број 2 | 4 денари за единица за пресметка |
| 5.7 | За налозите за плаќање во корист на трезорската сметка и сметката на Народната банка за редовно работење, без разлика на бројот единици за пресметка (овие единици за пресметка не влегуваат во вкупниот збир) според начинот на пренесување број 1 | 7 денари за единица за пресметка |
| 5.8 | За налозите за плаќање во корист на | 4 денари за |

| | | |
|---|---|---|
| | трезорската сметка и сметката на Народната банка за редовно работење, без разлика на бројот единици за пресметка (овие единици за пресметка не влегуваат во вкупниот збир) според начинот на пренесување број 2 | единица за пресметка |
| 5.9 | За налозите за плаќање на товар на сметката на клириншката институција, без разлика на бројот трансакции според начинот на пренесување број 1 | 7 денари за единица за пресметка |
| 5.10 | За налозита за плаќање на товар на сметката на клириншката институција, без разлика на бројот трансакции според начинот на пренесување број 2 | Без надоместок |
| | **6. Плаќања во евра преку МИПС-системот** | |
| 6.1 | За пратена порака за прекугранично плаќање во евра во платниот систем ТАРГЕТ2 со назнака BEN/SHA | 180 денари |
| 6.2 | За пратена порака за прекугранично плаќање во евра во платниот систем ТАРГЕТ2 со назнака OUR | 180 денари + надоместокот на странската банка доколку истиот е проследен до Народната банка |
| 6.3 | За пратена порака за домашно плаќање во евра | 100 денари |
| 6.4 | За пратена порака за прекугранично плаќање која е одбиена во платниот систем ТАРГЕТ2 | 15 денари |
| | **7. Останати пораки за плаќања во денари или евра** | |
| 7.1 | За пратена порака MTn92 според начинот на пренесување број 1 | 15 денари |
| 7.2 | За пратена порака MTn92 според начинот на пренесување број 2 | 5 денари |
| 7.3 | За пратена порака MTn95 според начинот на пренесување број 1 | 15 денари |
| 7.4 | За пратена порака MTn95 според начинот на пренесување број 2 | 5 денари |
| 7.5 | За пратена порака MT920 според начинот на пренесување број 1 | 15 денари |

| | | |
|---|---|---|
| 7.6 | За пратена порака MT920 според начинот на пренесување број 2 | 5 денари |
| 7.7 | За пратена порака MT985 според начинот на пренесување број 1 | 15 денари |
| 7.8 | За пратена порака MT985 според начинот на пренесување број 2 | 5 денари |
| 7.9 | За пратени пораки MT999 и MT199 според начинот на пренесување број 1 | 10 денари |
| 7.10 | За пратени пораки MT999 и MT199 според начинот на пренесување број 2 | 5 денари |
| 7.11 | За пратени пораки MT999 до сите учесници според начинот на пренесување број 1 | 800 денари |
| 7.12 | За пратени пораки MT999 до сите учесници според начинот на пренесување број 2 | 750 денари |
| | **8. Примени пораки за плаќања во денари или евра** | |
| 8.1 | За прием на пораки MT900 според начинот на пренесување број 1 | Без надоместок |
| 8.2 | За прием на пораки MT900 според начинот на пренесување број 2 | Без надоместок |
| 8.3 | За прием на пораки MT910 според начинот на пренесување број 1 | 10 денари |
| 8.4 | За прием на пораки MT910 според начинот на пренесување број 2 | 5 денари |
| 8.5 | За прием на пораки MT942 според начинот на пренесување број 1 | 10 денари |
| 8.6 | За прием на пораки MT942 според начинот на пренесување број 2 | 5 денари |
| 8.7 | За прием на пораки MT940 според начинот на пренесување број 1 | 15 денари |
| 8.8 | За прием на пораки MT940 според начинот на пренесување број 2 | 5 денари |
| | **9. Други услуги во платниот промет** | |

| | | |
|---|---|---|
| 9.1 | Неизвршено тестирање на резервната врска со главната локација за платни пораки (врска со МИПС) според начинот на пренесување број 2 (за секој започнат ден по истекот на времето за проверка на линијата) | 1.000 денари |
| 9.2 | Продолжување на работното време на барање на учесник | 600 денари за минута за продолжување до 60 минути;<br>1.200 денари за минута за продолжување над 60 минути, со исклучок на последниот работен ден во годината кога не се наплаќа надомест за продолжување на работното време над 60 минути |
| 9.3 | Внесување налози од пренослив медуим на учесникот (налозите се тарифираат како да пристигнале на начинот на пренесување број 2) | 1.000 денари |
| 9.4 | Обработка на хартиен налог<br><br>Налозите на хартија се примаат најдоцна до 14:00 часот во тековниот работен ден.<br>По исклучок, од секој учесник може да се примат најмногу пет (5) налози на хартија на товар на неговата сметка по овој термин, но најдоцна триесет (30) минути пред затворањето на МИПС. | 1.000 денари |
| 9.5 | Обработка на налог на хартија на товар на сметката за задолжителната резерва | Без надоместок |
| 9.6 | Обработка на налог на хартија на товар на туѓа сметка согласно со закон | 1% од износот на налогот, но не помалку од 5.000 денари, а се наплатува од сметката од којашто се врши задолжувањето |
| 9.7 | Обработка на решение за присилна наплата | 100 денари за |

| | | |
|---|---|---|
| | | секој износ за кој се пресметува камата (минимум за една спецификација за налози за присилна наплата е 1.500 денари) и се наплатуваат од сметката од којашто се врши задолжувањето |
| 9.8 | Внесување налози за присилна наплата во платниот систем | 50 денари за еден налог, се наплатуваат од сметката од којашто се врши задолжувањето |
| 9.9 | Известување за пресметка на камата врз основа на решение за присилна наплата | 500 денари за еден износ |
| 9.10 | Надомест за враќање налог за присилна наплата на извршител поради неправилно пополнување согласно со важечките прописи. | 1.000 денари |
| 9.11 | Дополнително доставување извод на хартија | 50 денари по извод |
| | **10. Издавање потврда за состојбата на сметката** | |
| 10.1 | За еден (1) ден | 200 денари |
| 10.2 | За период до пет (5) дена | 400 денари |
| 10.3 | За период до триесет (30) дена | 600 денари |
| 10.4 | За период до шеесет (60) дена | 1.000 денари |
| 10.5 | За период над шеесет (60) дена | 1.000 денари за периодот до шеесет (60) дена и 10 денари за секој нареден ден |

**11. Надомест за водење сметка врз основа на долговен промет на сметка за плаќањата во денари**

| | | |
|---|---|---|
| 11.1 | За долговен промет остварен од сметка на носителот на платниот промет со МТ103 или МТ202.<br><br>По исклучок на ставот 1 од оваа потточка, надоместокот за водење сметка врз основа на долговен промет остварен од сметка на носителот на платниот промет со МТ103 или МТ202 изнесува: | 0,006% |
| | - за меѓубанкарско тргување на пазарот на депозити со рочност преку ноќ; | 0,002% |
| | -за пласирање средства во расположливи депозити со рочност на седум дена кај Народната банка; | 0,0058% |
| | -за пласирање средства во расположливи депозити преку ноќ кај Народната банка; | 0,0004% |
| | -за тргување со хартии од вредност (дефинитивни и репо трансакции) на пазарите преку шалтер помеѓу пазарните учесници, со исклучок на трансакциите поврзани со монетарните инструменти на Народната банка.<br><br>Наплатата се врши на почетокот на секој месец за претходниот месец. | 0% |
| 11.2 | За долговен промет остварен од сметка на носителот на платниот промет со МТ204 | 0,032 % |
| | По исклучок на ставот 1 од оваа потточка, за долговен промет остварен од сметка на носителот на платниот промет со МТ204 за тргување со хартии од вредност (дефинитивни и репо-трансакции) на пазарите преку шалтер помеѓу пазарните учесници, со исклучок на трансакциите поврзани со монетарните инструменти на Народната банка.<br>Наплатата се врши на почетокот на секој месец за претходниот месец. | 0% |

Надоместоците од оваа глава се наплатуваат врз основа на издадена фактура или известување во рок од петнаесет дена од денот на издавањето на фактурата, односно известувањето.

## I-Б ПЛАТЕЖНИ УСЛУГИ ЗА ДРЖАВАТА И ДРЖАВНИТЕ ОРГАНИ[2]

| Тарифен број | Вид услуга | Висина на надоместокот |
|---|---|---|
| | **12. Девизни дознаки** | |
| 12.1 | Ностро девизна дознака во хартиена форма | за износ на дознака до ЕУР 500.000: 0,15%, минимум 250 денари, максимум 10.000 денари; за износ на дознака над ЕУР 500.000: 0,08%, максимум 30.000 денари |
| 12.2 | Ностро девизна дознака преку електронско банкарство | за износ на дознака до ЕУР 500.000: 0,07%, минимум 250 денари, максимум 10.000 денари; за износ на дознака над ЕУР 500.000: 0,05%, максимум 30.000 денари |
| 12.3 | Ностро девизна дознака со назнака OUR (странски трошоци на товар на налогодавачот) Надоместокот од оваа потточка се наплатува како дополнителен надоместок на потточката 12.1 или 12.2 доколку дознаката е со назнака OUR. | 650 денари |
| 12.4 | СВИФТ-трошоци за ностро девизна дознака | 500 денари |
| 12.5 | Измена на претходно извршена ностро девизна дознака | 1.500 денари + надоместокот на странската банка |
| 12.6 | Сторнирање ностро девизна дознака | 500 денари |
| 12.7 | Условена дознака | 0,2%, минимум 250 денари, максимум 30.000 денари |
| 12.8 | Лоро девизна дознака со назнака BEN/SHA | за износ на дознака до |

[2] Надоместоците утврдени во глава I –Б ПЛАТЕЖНИ УСЛУГИ ЗА ДРЖАВАТА И ДРЖАВНИТЕ ОРГАНИ од оваа одлука, ќе се применуваат од 1 април 2017 година.

| | | |
|---|---|---|
| | | ЕУР 100: без надоместок;<br>за износ на дознака над ЕУР 100: 600 денари |
| 12.9 | Лоро девизна дознака со назнака OUR (трошоци на Народната банка на товар на налогодавачот, односно на странската банка) | за износ на дознака до ЕУР 100: ЕУР 10;<br>за износ на дознака над ЕУР 100: ЕУР 20 |
| 12.10 | Лоро девизна дознака со назнака BEN/SHA (деловната банка е приливна банка, Народната банка е исплатна банка) | за износ на дознака до ЕУР 100: без надоместок;<br>за износ на дознака над ЕУР 100: 600 денари<br><br>+ надоместокот на приливната банка |
| 12.11 | Лоро девизна дознака со назнака OUR (деловната банка е приливна банка, Народната банка е исплатна банка) | за износ на дознака до ЕУР 100: ЕУР 10;<br>за износ на дознака над ЕУР 100: ЕУР 20 |
| 12.12 | Лоро девизна дознака со назнака OUR (Народната банка е приливна банка, деловната банка е исплатна банка) | за износ на дознака до ЕУР 100: ЕУР 10;<br>за износ на дознака над ЕУР 100: ЕУР 20 |
| 12.13 | Лоро девизна дознака со назнака BEN/SHA (Народната банка е приливна банка, деловната банка е исплатна банка) | надоместокот на странската банка |
| | **13. Странски ефективни средства за плаќање** | |
| 13.1 | Продавање ефективни странски средства за плаќање на овластени деловни банки | Без надоместок со трансфер на девизи на сметките во странство |
| 13.2 | Купување ефективни странски средства за плаќање од овластени деловни банки | Без надоместок со трансфер на девизи на сметките во странство |
| 13.3 | Продавање ефективни странски средства за плаќање на органите на државната власт и органите на државната управа | 2,0%, минимум 1.000 денари, максимум од 5.000 денари |
| 13.4 | Купување ефективни странски средства за плаќање од органите на државната власт | 1,0%, минимум 1.000 денари |

| | | |
|---|---|---|
| | и органите на државната управа | |

### 14. Документи на инкасо

| | | |
|---|---|---|
| 14.1 | Ностро и лоро инкасо | 0,5%, минимум 1.000 денари, максимум 100.000 денари |
| 14.2 | Ностро и лоро инкасо (надоместокот е на товар на странската банка) | 0,5%, минимум ЕУР 20, максимум ЕУР 2.000 |
| 14.3 | Испраќање документи во странство без плаќање и примање документи од странство без обврска за Народната банка | 5.000 денари |
| 14.4 | Измена на инструкции за ностро инкасо и нотификација на измена на инструкции за лоро инкасо | 1.200 денари |
| 14.5 | Испраќање чек / меница во странска валута на наплата | 0,3%, минимум 1.000 денари, максимум 10.000 денари од вкупниот износ на чекови /меници од една банка издавач |
| 14.6 | Проверка на чек во странска валута | 2.000 денари за пратка од една банка издавач |

### 15. Девизни гаранции

| | | |
|---|---|---|
| 15.1 | Издавање ностро девизна гаранција со покритие во форма на депозит на сметка кај Народната банка | 1%, минимум 10.000 денари, максимум 300.000 денари (се наплатува тримесечно) |
| 15.2 | Издавање ностро девизна гаранција со покритие во форма на депозит на сметка кај Народната банка (надоместокот е на товар на странската банка) | 1%, минимум ЕУР 170, максимум ЕУР 5.000 (се наплатува тримесечно) |
| 15.3 | Измена на условите на издадената ностро девизна гаранција | 5.000 денари |
| 15.4 | Нотификација на лоро девизната гаранција без обврски на Народната банка | 0,1%, минимум 5.000 денари, максимум 10.000 денари |
| 15.5 | Нотификација на лоро девизната гаранција без обврски на Народната банка (надоместокот е на товар на странската банка) | 0,1%, минимум ЕУР 85, максимум ЕУР 170 |

| | | |
|---|---|---|
| 15.6 | Проверка на автентичноста на лоро девизната гаранција издадена во оригинал | 0,1%, минимум 5.000 денари, максимум 10.000 денари |
| 15.7 | Нотификација на измената на условите на лоро девизната гаранција | 5.000 денари |
| 15.8 | Нотификација на измената на условите на лоро девизната гаранција (надоместокот е на товар на странската банка) | ЕУР 85 |
| 15.9 | Ослободување од обврските врз основа на лоро девизната гаранција | 1.000 денари |
| 15.10 | Проследување на лоро девизната гаранција до друга банка | 2.000 денари |
| 15.11 | Проверка на документацијата и активирање на лоро девизната гаранција | 10.000 денари |
| 15.12 | Активирање на лоро девизната гаранција (надоместокот е на товар на странската банка) | ЕУР 170 |
| 15.13 | Изработка на предлог-текст на лоро девизната гаранција | 10.000 денари |
| 15.14 | Давање мислење за предложениот текст на лоро девизната гаранција | 5.000 денари |

**16. Девизни акредитиви**

| | | |
|---|---|---|
| 16.1 | Отворање ностро девизен акредитив со покритие во форма на депозит на сметка кај Народната банка | 0,3%, за износ до ЕУР 500.000: минимум 5.000 денари, максимум 100.000 денари; за износ над ЕУР 500.000: максимум 300.000 денари; (се наплатува тримесечно пред почетокот на секое тримесечје) |
| 16.2 | Отворање ностро девизен акредитив со покритие во форма на депозит кај странската банка | 0,5% за износ до ЕУР 500.000: минимум 5.000 денари, максимум 100.000 денари; 0,4% за износ над ЕУР |

| | | |
|---|---|---|
| | | 500.000: максимум 300.000 денари; (се наплатува тримесечно пред почетокот на секое тримесечје) |
| 16.3 | Отворање ностро девизен акредитив со покритие во форма на депозит (надоместок на товар на странската банка) | 0,5%, минимум ЕУР 85 (се наплатува тримесечно пред почеток на секое тримесечје) |
| 16.4 | Преземање и проверка на документи | 5.000 денари за поединечна пратка документи |
| 16.5 | Потврда на ностро девизниот акредитив | 5.000 денари |
| 16.6 | Измена на условите на ностро девизниот акредитив (вклучувајќи пренос и сторнирање) | 5.000 денари за измена |
| 16.7 | Презентирање на документите со отстапувања | ЕУР 85 за пратка на документи |
| 16.8 | Нотификација на лоро девизнниот акредитив без обврска на Народната банка | 0,1%, минимум 5.000 денари, максимум 10.000 денари |
| 16.9 | Нотификација на лоро девизниот акредитив без обврска на Народната банка (надоместок на товар на странската банка) | 0,1%, минимум ЕУР 85, максимум ЕУР 170 |
| 16.10 | Нотификација за измена на условите на лоро девизниот акредитив | 5.000 денари |
| 16.11 | Нотификација за измена на условите на лоро девизниот акредитив (надоместок на товар на странската банка) | ЕУР 85 |
| 16.12 | Пренос на лоро девизниот акредитив | 5.000 денари за извршен пренос |
| 16.13 | Преземање и проследување на документите врз основа на лоро девизен акредитив | 5.000 денари за пратка на документи |
| 16.14 | Сторнирање на девизниот акредитив / неискористен девизен акредитив | 5.000 денари |
| | На ностро и лоро девизниот акредитив, налогодавачот е должен да ги плати сите | |

| | | |
|---|---|---|
| | надоместоци и трошоци со кои странскиот кореспондент ја товари Народната банка. | |
| | **17. Тековни сметки на нерезиденти** | |
| 17.1 | Отворање и водење девизни сметки на нерезиденти | 7.000 денари месечно |

Основица за пресметување на надоместоците за платежни услуги за државата и државните органи претставува денарската противвредност пресметана со примена на продажниот курс којшто Народната банка го користи при вршењето на платежните услуги за државата и државните органи којшто важи на денот на склучување на трансакцијата. Надоместокот се наплатува во денари при склучувањето на трансакцијата. Поимот „склучување трансакција" значи преземање на документацијата поврзана со платежните услуги од страна на Народната банка.

Кај девизните гаранции и акредитиви, надоместокот за првото тримесечје се наплатува однапред, а надоместокот за секое наредно тримесечје во рок од петнаесет дена од датумот на писменото известување за надоместокот. Секое започнато тримесечје се смета како цело. Во случаите кога акредитивот нема да се искористи целосно или делумно, односно девизната гаранција се ослободи пред истекот на рокот на важност, пресметаниот надоместок за соодветното започнато тримесечје не се враќа.

## II. ТРЕЗОРСКИ УСЛУГИ

| Тарифен број | Вид услуга | Висина на надоместокот |
|---|---|---|
| | **18. Чување во депо** | |
| 18.1 | Затворено (запечатено) депо со ознака на вредноста | Без надоместок |
| 18.2 | Затворено (запечатено) депо без ознака на вредноста | Без надоместок |
| 18.3 | Запечатено депо со резервни клучеви (само од банки) | 8.000 денари за депо годишно (се наплатува однапред на годишна основа) |
| 18.4 | Чување скапоцени предмети и ефективни странски пари во депо врз основа на судски налог | Без надоместок |
| 18.5 | Чување скапоцени предмети и ефективни странски пари во депо за кои нема судски налог | 5.000 денари месечно |

| | | |
|---|---|---|
| | **19. Дистрибуција и замена на готовина** | |
| 19.1 | Издавање книжни пари на банки овластени за вршење платен промет и на центрите за готовина | 0,3% од номиналната вредност на издадената готовина |
| 19.1а | Враќање книжни пари од банките овластени за вршење платен промет и центрите за готовина | 0,1% од номиналната вредност на вратената готовина |
| 19.2 | Издавање ковани пари на банки овластени за вршење платен промет и на центрите за готовина | 0,9% од номиналната вредност на издадената готовина |
| 19.3 | Замена на оштетени банкноти - денари | Без надоместок |
| 19.4 | Замена на оштетени ковани пари | Без надоместок |
| 19.5 | Продажба на книжни пари за нумизматички потреби на домашни и странски лица | 10% од номиналната вредност на продадените пари |
| 19.6 | Продажба на ковани пари за нумизматички потреби на домашни и странски лица | 1 денар по парче |
| 19.7 | Замена на оштетени банкноти при обид за кражба и активирање средства против кражба со документ од МВР | Без надоместок |
| 19.8 | Замена на оштетени банкноти при обид за кражба и активирање средства против кражба без документ на МВР | 3 денари за единица банкнота којашто е доставена за замена |
| 19.9 | Проверка на работењето на машина за обработка на книжните и кованите пари, освен во случај проверката да се врши заради пуштање во оптек на ново издание на книжни или ковани пари | 5.000 денари за проверка на машина во Народната банка, односно 10.000 |

| | | |
|---|---|---|
| | | денари за проверка на машина на локацијата каде што е сместена |
| 19.10 | Обука на вработените во банките и центрите за готовина кои ќе вршат обработка на готовина | 1.000 денари за вработен |

## III. ИЗДАВАЊЕ ДОЗВОЛИ, СОГЛАСНОСТИ, ОДОБРЕНИЈА И ПОДАТОЦИ

| Тарифен број | Вид услуга | Висина на надоместокот |
|---|---|---|
| | **20. Услуги со банки, штедилници, други трговски друштва и физички лица** | |
| 20.1 | Разгледување барање за издавање дозвола за основање банка, филијала на странска банка и друштво за издавање електронски пари | 200.000 денари |
| 20.2 | Разгледување барање за издавање дозвола за статусни промени на банки/друштво за издавање електронски пари/штедилница и за преобразба на штедилница во банка | 150.000 денари |
| 20.3 | Разгледување барање за издавање претходна согласност за отворање претставништво на странска банка | 90.000 денари |
| 20.4 | Разгледување барање за добивање претходна согласност за стекнување акции/удели чиј вкупен збирен номинален износ изнесува или надминува 5%, 10%, 20%, 33%, 50% или 75%, од вкупниот број акции или од вкупниот број издадени акции со право на глас/удели, во банка/друштво за издавање електронски пари/штедилница | 120.000 денари |
| 20.5 | Разгледување барање за добивање согласност за стекнување акции/удели чиј вкупен збирен номинален износ изнесува или надминува 5%, 10%, 20%, 33%, 50% или 75%, од вкупниот број акции или од вкупниот број издадени акции со право на глас/удели, во | 120.000 денари |

| | | |
|---|---|---|
| | банка/друштво за издавање електронски пари/штедилница врз основа на одлука на надлежен орган во согласност со закон | |
| 20.6 | Разгледување барање за добивање претходна согласност за:<br>- измени и/или дополнување на статут/договор/изјава на банка/ друштво за издавање електронски пари/ штедилница;<br>- именување член на надзорен одбор на банка/штедилница/ друштво за издавање електронски пари;<br>- основање подружница, филијала или претставништво на банка во странство или стекнување капитални делови во банка;<br>- основање филијала на друштво за издавање електронски пари во странство;<br>- основање или стекнување капитални делови коишто изнесуваат над 10% од сопствените средства на банката, директно или индиректно, во небанкарска финансиска институција или во нефинансиска институција;<br>- промена на име и седиште на банка/штедилница/друштво за издавање електронски пари;<br>- престанување со работење на банката/штедилницата/друштвото за издавање електронски пари/ кога акционерите/содружниците ќе донесат одлука за престанување со работа на банката/друштвото за издавање електронски пари/штедилницата, а не постојат услови за стечај.<br>- преобразба на штедилница во финансиско друштво. | 60.000 денари |
| 20.7 | Именување член на управен одбор/управител на банка/друштво за издавање електронски пари/штедилница | 70.000 денари |
| 20.8 | Разгледување барање за добивање претходна согласност за отпочнување со вршење на активностите:<br>- издавање електронски пари доколку е уредено со посебен закон;<br>- платен промет во земјата и странство, вклучувајќи купопродажба на девизи;<br>- тргување со девизни средства што | 80.000 денари |

- вклучува и тргување со благородни метали;
- тргување со хартии од вредност;
- тргување со финансиски деривати;
- управување со средства и портфолио на хартии од вредност на налог и за сметка на клиенти;
- давање услуги на банка - чувар на имот;
- купопродажба, гарантирање и пласман на емисија на хартии од вредност;
- други финансиски активности утврдени со закон што може да ги врши банка.

| | | |
|---|---|---|
| 20.9 | Разгледување барање за добивање дозвола за вршење менувачки работи | 30.000 денари |
| 20.10 | Разгледување барање за измена на дозволата за вршење менувачки работи за ново менувачко место | 20.000 денари |
| 20.11 | Разгледување барање за измена на дозволата за вршење менувачки работи при промена на адресата на менувачкото место освен при промена на името и/или бројот на улицата врз основа на одлука на надлежен орган | 10.000 денари |
| 20.12 | Разгледување барање за добивање дозвола и согласност за вршење услуги брз трансфер на пари | 90.000 денари |
| 20.13 | Разгледување барање за добивање претходна согласност за вршење услуга брз трансфер на пари, заради нова просторија во која ќе се врши услугата брз трансфер на пари | 50.000 денари |
| 20.14 | Разгледување барање за добивање претходна согласност за вршење услуга брз трансфер на пари, заради промена на адресата на просторијата во која се врши услугата брз трансфер на пари | 30.000 денари |
| 20.15 | Разгледување барање за добивање претходна согласност за секоја промена во документацијата, информациите и податоците за добивање дозвола за вршење услуги брз трансфер на пари, освен барањата наведени во точките 20.13 и 20.14 од оваа одлука. | 4.000 денари |
| 20.16 | Евидентирање на договорот склучен помеѓу давателот на услугата брз трансфер на пари и субагентот, во Регистарот на даватели на услуга брз трансфер на пари | 10.000 денари |

| | | |
|---|---|---|
| 20.17 | Евидентирање измена на договор склучен помеѓу давателот на услуга брз трансфер на пари и субагентот, во Регистарот на даватели на услуги брз трансфер на пари | 5.000 денари |
| 20.18 | Разгледување барање за добивање одобрение за отворање и имање сметка кај странска банка | 3.000 денари |
| 20.19 | Разгледување барање за издавање одобрение за плаќање во ефективни странски пари<br><br>Основица за пресметување на надоместокот од тарифниот број 20.19. е денарската противвредност на износот од барањето пресметана со примена на средните курсеви на девизите од курсната листа на Народната банка коишто важат на денот на поднесувањето на барањето. Надоместокот се наплатува во денари, на денот на поднесувањето на барањето. | 0,2% од вредноста на барањето, но не помалку од 300 денари |
| 20.20 | Давање податоци на физички лица од Регистарот на податоци за изложеноста на кредитен ризик на правните и физичките лица кон банките и штедилниците (Кредитен регистар) | 500 денари |
| 20.21 | Разгледување барање за добивање согласност за вршење микроплаќање | 80.000 денари |
| 20.22 | Разгледување барање за упис на евиденциската сметка | 3.000 денари |
| 20.23 | Издавање податоци за состојбата на евидентираните заеми, со цел поведување постапка на конверзија на заемите во основна главница пред Централниот регистар на Република Македонија | 1.500 денари |
| 20.24 | Рачно внесување на месечните извештаи за состојбата и промените на сметките на резидентите во странство и на евиденциските сметки за порамнување на меѓусебните побарувања и обврски со нерезиденти, доставени во хартиена наместо во електронска форма, пропишана со упатство | 500 денари за образец |

| | | |
|---|---|---|
| 20.25 | Давање стручно мислење за начинот на примена на прописите врз основа на барање од трети лица, кои не се известувачи на статистички податоци и не се контролирани од Народната банка | 5.000 денари |

## IV. ДРУГИ УСЛУГИ

| Тарифен број | Вид услуга | Висина на надоместокот |
|---|---|---|
| | **21. Издавање податоци на барање на правни и физички лица** | |
| 21.1 | Потврда за курсевите на странските валути од Курсната листа на Народната банка за период до 30 дена | 500 денари |
| 21.2 | Потврда за курсевите на странските валути од Курсната листа на Народната банка за период над 30 дена | 1.000 денари |
| 21.3 | Потврда за курсевите на странските валути од Курсната листа на Народната банка издадена на барање на судови, министерства и други владини органи и институции | без надоместок |
| 21.4 | Издавање копии од известувањата за евидентирана кредитна работа или други документи поднесени за евиденција на кредитните работи со странство, како и други видови статистичко известување за кои се известува во хартиена форма на барање на известувачот или на една од договорните страни | 200 денари за страница, но не помалку од 500 денари за одделно известување |
| 21.5 | Издавање копии од известувањата за упис на евиденциската сметка или други доставени документи, на барање на известувачот | 50 денари за страница, но не помалку од 500 денари за барање |
| 21.6 | Издавање копии од документацијата за платежни услуги | 200 денари за страница, но не помалку од 500 денари за барање |

| | | |
|---|---|---|
| 21.7 | Изготвување и доставување дополнителни податоци, со содржина и деталност различни од податоците коишто се достапни јавно, врз основа на барање поднесено до Народната банка | Во зависност од работните часови, од 1.000 до 5.000 денари |
| 21.8 | Издавање потврда за пристигнат прилив врз основа на основачки влог | 5.000 денари |
| 21.9 | Трансфер на основачкиот влог | 0,15%, минимум 250 денари, максимум 30.000 денари |
| | **22. Паушални трошоци** | |
| 22.1 | Паушални трошоци за водење постапка за посредување | 1.000 денари |
| 22.2 | Паушални трошоци за водење прекршочна постапка | 1.000 денари |

3. Покрај надоместокот на услуги којшто е предвиден со оваа тарифа, Народната банка ги наплатува сите фактички трошоци што ги имала при извршувањето на работите со трети лица.

4. Со влегувањето во сила на оваа одлука, престанува да важи Одлуката за единствената тарифа на надоместоците за услугите што ги врши Народната банка на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 100/12, 50/13, 63/13, 121/13, 116/14, 49/15 и 112/15) освен глава I. ДЕВИЗНИ РАБОТИ која ќе се применува до 31 март 2017 година.

5. Надоместоците утврдени во главата I-Б ПЛАТЕЖНИ УСЛУГИ ЗА ДРЖАВАТА И ДРЖАВНИТЕ ОРГАНИ од оваа одлука ќе се применуваат од 1 април 2017 година.

6. Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

**Гувернер**
**и претседавач**
**на Советот на Народната банка**
**на Република Македонија**